ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-110/01
12.03 2019 год.
СКОПЈЕ

**Од:**
Миов Николаки,
Бул. Јане Сандански 105 1/14
Скопје, 1000

**До:**

Генералниот Секретар
на Институтот на овластени ревизори
Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3,
1000 Скопје, Република Македонија

Скопје, 12.03.2019

Во врска со известувањето број 0302-87/01 од 18.02.2019 година, во рокот кој ни е даден предлагам дополнение на дневниот ред со точки:

3) Толкување на одредби од правилниците на ИОРРМ
4) Отпочнување постапка за целосно усогласување на актите на ИОРРМ со Законот за ревизија ( со приоритет на „ Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и на овластени ревизори-трговци поединци“ и „Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ“)

За предлогот под точка 3) барањето за толкување е во прилог на овој предлог.

Под точка 4) укажувам на неколку примери кои се причина за овој предлог и тоа:

- Тарифата на ИОРРМ содржи одредби кои по својата содржина треба да се дел од актите кој ги усвојува Собранието на ИОРРМ;
- Правилникот за контрола на квалитет предвидува рок од 5 дена за најава на контроли по барање додека Законот предвидува минимален рок од 8 дена;
- Правилникот за дисциплинска постапка предвидува трајно исклучување за неплатена членарина во рок, непосетување на КПУ и осуда во врска со работењето. Законот предвидува времено исклучување а не трајно.

Со почит,

Миов Николаки, овластен ревизор

**Од:**
Миов Николаки,
Бул. Јане Сандански 105 1/14
Скопје, 1000

**До:**

Претседателот
на Институтот на овластени ревизори
Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3,
1000 Скопје, Република Македонија

Предмет: Барање за толкување

Скопје, 12.03.2019

Барам како доносител на „Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и на овластени ревизори-трговци поединци" (во натамошниот текст Правилникот) Собранието на ИОРРМ да даде толкување на следните негови одредби:

1. Кои се дефинициите на термините за кои член 4 не дава дефиниции и тоа редовен циклус, ефективен час, матрица на ризик и промени кои бараат ревидирање на планот за контроли а се значајни за разбирање на останатите одредби од Правилникот;
2. Која одредба има приоритет при селекција на субјекти за контрола, член 9 став 2 каде е предвидена контрола најмалку еднаш на 3 години или член 9 став 3 кој предвидува користење на матрица на ризик, недефинирана во Правилникот и чија дефиниција е побарана под точка 1;
3. Член 9 став 3 предвидува во матрицата на ризик да се користат податоци од образецот Годишен извештај на активности кој содржи чувствителни информации поврзани со клиентите и ангажманите на ревизија. Дали овој член им овозможува на членовите на Комисијата пристап до овие податоци;
4. Дали контролата надвор од редовен циклус како што е предвидена во член 9 став 4 со рок од една година по добивање на одредена оценка се разликува или е иста како и контролата во редовен циклус;
5. Дали за оценки „незадоволува" во периодот пред стапување на сила на овој Правилник можат да се применуваат одредбите на овој правилник од аспект на член 20 став (2) дека сите постапки кои се отпочнати пред донесување на овој Правилник ќе се водат според Правилникот кој бил во важност во периодот на отпочнување на постапката
6. Доколку точка 5 е протолкувана дека тоа е можно, што со неусогласеноста со член 9 став четири дека тоа треба да се стори со планот за наредна година, што не е сторено

Сметам дека недефинираните одредби како и примената на одредбите од членовите 9 и 20 предизвикува нејасност и непрецизност и од таа причина бараме Собранието на ИОРРМ да даде толкување на одредбите наведени во точка 1 до 6.

Со почит,
Николаки Миов, овластен ревизор